АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 03-187/1
02 02 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 15 од Статутот на Агенцијата за супервизија на осигурување број 02-822/1 од од 4.12.2019 година и член 10 став (3) алинеа 19 од Правилникот за безбедност на обработката на лични податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 122/2020), Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе

# УПАТСТВО

## за начин на уништување на документи, како и начин на уништување, бришење и чистење на медиуми кои се користат за обработка на лични податоци

### Член 1

Со ова Упатство се пропишува начинот на уништување на документи, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите кои се користат при обработка на лични податоци од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: АСО).

### Член 2

Документите од член 1 на Упатството се уништуваат со уред за ситнење (шредер) при што истите повторно не може да бидат употребливи, за што АСО составува записник кој го доставува до Претседателот на Совет на експерти.

Во записникот се наведуваат задолжително сите податоци за целосна идентификација на документите што се уништуваат, како и категориите на лични податоци содржани во истите.

Одредбите од овој член се применуваат и при уништување на копии или умножени документи.

### Член 3

По пренесување на личните податоци од медиум или по истек на определен рок за нивно чување, медиумот се уништува, се брише или се чисти од личните податоци кои биле снимени на него.

Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите делови, при што истиот повторно не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на лични податоци кои биле зачувани на медиумот.

За случаите од став 1 и став 2 од овој член Комисија составува записник кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци снимени на истиот.

### Член 4

Со денот на донесување на ова Упатство престануваат да важат други акти кои го уредувале начинот на уништување на документи, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиуми кои се користат за обработка на лични податоци.

Упатството влегува во сила со денот на негово донесување и истото ќе се објави на интранет мрежата на АСО.

**Изготвил:**
Ратка Целаковски
Марсида Петрофски-Трајко

**Претседател на Совет на експерти**
Крсте Шајноски